Димитрија ТРАЈКОВСКИ
Мирјана СЛАНИНКА-ДИНЕВА

**УДК: 364.442.6-053.2(497.7-25)**

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

***Кратка содржина***

*Детската заштита според законодавството на Република Македонија се санкционира како дејност од јавен интерес која се остварува во рамките на системот на јавните служби и на локално ниво (во рамките на административно – територијалните единици: општините, Градот Скопје и општините од градот Скопје).*

*Со децентрализацијата на областа на детската заштита во 2005 година преку трансферот на надлежностите, се трансферираат и бројните проблеми кои се непосредно врзани за остварување на облиците на детската заштита, посебно во делот кој сè уште се остварува во рамките на јавните установи.*

*Статијата ги обработува следните проблеми:*

*1. Детската заштита-делокруг на градот Скопје и*

*2. Што треба да се направи со цел да се подобри остварување на детската заштита во Скопје?*

*Се констатира дека кон проблемот на остварување на детската заштита во Скопје треба да постои соодветен научно-истражувачки пристап кој би бил интердисциплинарен, но и компаративен.*

***Клучни зборови:*** *ДЕЦЕНТАЛИЗАЦИЈА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА, ОБЛИЦИ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, ПРАВА НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА.*

## Вовед

Според домашното право – правото на Република Македонија, детската заштита денес претставува дејност од јавен интерес која има различни аспекти и значења. Всушност, тоа произлегува од природата на детето кое како субјект на правото има разнородни потреби зависно од конкретната возраст.

Секое дете кај нас (од 0-18 годишна возраст) ужива тројна заштита: 1. семејноправна заштита; 2. социјалноправна (општествена) заштита; и, 3. државноправна (или јавноправна) заштита. Детската заштита како дејност од јавен интерес претпоставува непречено и континуирано обавување на низа работи преку кои се задоволуваат потребите и интересите на децата. Тие работи можат да имаат локално значење, но и национално (општодржавно значење).

Локалното значење на работите од областа на детската заштита формално-правно е воспоставено со Законот за локална самоуправа (во 2002 година) врз основа на уставните промени од 2001 година. Законот за заштита на децата (како системски закон) претрпел измени во 2003 и 2004 година. Особено се значајни новините воспоставени со законските промени во 2004 година. Понатаму следи долгоочекуваниот Закон за установите (од 2005 година) кој предвидува соодветна сопственичка трансформација, односно редуцирање на јавните установи на минимум за сметка на т.н. мешовити и приватни установи.[1] Трансферот на надлежностите од централно на локално ниво во доменот на детската заштита е извршен кон крајот на 2005 година (со владините одлуки). Сега претстои општините, градот Скопје и општините од градот Скопје да се грижат за детската заштита на начин што е утврден со закон, што значи дека детската заштита не е изворно пренесена на единиците на локалната самоуправа.

Целта на овој труд е да се истакне колку е важно при креирањето на нови политики од областа на детската заштита, посебно на локално ниво, уважување на ставовите на сите заинтересирани страни (корисници и даватели на јавните услуги; јавноста; претставниците на локалната и централната власт и.т.н.). Несомнено дека, од исклучителна полза ќе бидат странските искуства, посебно европските, од оние држави каде што правата и облиците се загарантирани на секое дете – de jure и de facto и претставуваат основа за квалитетен животен стандард кој се остварува во локални рамки.

Во моментот, како основен истражувачки проблем се наметнува следното: што на градот Скопје и општините од градот Скопје им недостасува за да може детската заштита да се остварува непречено и континуирано како досега, но со тенденција за побрзо усвојување на европските стандарди. За да се утврди однапред прет-

---

[1] Подетално за тоа види во научната статија од д-р Мирјана Сланинка-Динева: *Заштитата на децата според λεξ σπεχιαλισ и λεξ γενεραλισ (2005)*. Годишник на ИСППИ, Скопје, стр. 135-144 (стр. 288).

поставеното, неопходно е да се спроведе соодветно емпириско истражување на таа тема. Бидејќи тоа во моментот не е можно, ќе се презентираат оние емпириски податоци и сознанија кои се достапни, а се однесуваат на оценката за тоа што прави Скопје за децата денес.

Во трудот само илустративно ќе бидат прикажани емпириските сознанија добиени врз основа на личното истражување на проф. Дејан Динев, (волонтерот на ЦИКП) спроведено во март 2006 година на тема: „Дали Скопје е пријателски град за деца?" Се работи за мини пилот-истражување кое не е до крај завршено, но според резултатите е мошне инспиративно и актуелно во моментот кога детската заштита се наоѓа на премин од централно на децентрализирано и локално ниво на управување и функционирање. Впрочем, операционално се работи за три нивоа, иако формално-правно се јавуваат само две нивоа во вршењето на детската заштита. Имено, правата остануваат на централно, а некои и на децентрализирано ниво, додека облиците имаат различни институционални решенија што е генерално определено со Законот за установите кој има супсидиерна примена и значење.

Во практиката, згрижувачката и образовната функција на детската заштита често се остварува надвор од предвидените законски решенија, решенија кои претставуваат зародиш на сосем нови облици на детска заштита. Таканаречените прејудицирани решенија водат кон санкционирање на некои современи европски модели за кои државата нема капацитети ниту стандарди. Но, со текот на времето оваа практика ќе биде озаконета под притисок на корисниците, но и на давателите на јавните услуги кои сакаат да работат според принципот социјално – пазарно, со присуство на неопходен надзор од страна на државата.

## 1. Детската заштита: делокруг на Градот Скопје

Со Законот за градот Скопје се прави разлика во однос на надлежностите кои ги има Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа и на општините од градот Скопје кои имаат ограничен делокруг во однос на општините за кои важи Законот за локална самоуправа.

Имено, со Законот за локална самоуправа, општините се надлежни за следните работи од доменот на детската заштита: за дет-

ските градинки (сопственост, финансирање, инвестициии одржување); за остварувањето на социјалната грижа за децата без родители и родителска грижа; за децата со воспитно-социјални проблеми; за децата со посебни потреби; за децата од еднородителски семејства; за децата на улица; за домување на децата со социјален ризик и за остварувањето на право на воспитување на децата од предучилишната возраст. Вршењето на овие надлежности е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита. За сите надлежности важи одредбата дека тие се извршуваат согласно стандардите и постапките утврдени со закон. Правата на децата (детски додаток, посебен додаток, беби-пакет и партиципација) ги обезбедува државата под услови утврдени со Законот за заштита на децата.[2]

Конкретно, според Законот за градот Скопје, надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење на градот Скопје во доменот на детската заштита се:

- Остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на деца со социјален ризик;
- сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните установи – детски одмаралишта, во согласност со закон, и
- учество со свои претставници во органите на управување во јавните установи за деца-детски градинки, на подрачјето на градот Скопје, во согласност со закон (од чл. 10, став 1, точка 8, ал. 1, 3, и 4 од Законот за град Скопје).

Општините во градот Скопје се надлежни за вршење на работи од јавен интерес од локално значење на општините од обласга на детската заштита за следното:

- сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните установи за деца – детски градинки во согласност со закон, и

[2] Подетално за тоа види во публиакцијата: д-р Димитрија Трајковски и д-р Мирјана Сланинка-Динева, *Детска заштита во Република Македонија*, (2003) Скопје, Светлост – Скопје, стр. 113.

- преземање мерки од обласста на социјалната заштита во согласност со закон (чл.15, став 1, точка 7 од Законот за град Скопје).

Сите законски промени се извршени со цел дејноста на детската заштита да се децентрализира, а вршењето на јавните услуги да добие различен формално-правен статус, односно институционално да се остварува во неколку вида:јавни установи, приватни установи и вршење и на згрижување и воспитание на деца како професионална дејност.

Владата на Република Македонија со посебна Одлука (Сл. Весник на РМ, 51/05) ги пренела основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините и на општините во градот Скопје истовремено пренесувајќи го правото на сопственост на објектите. Советите на општините со посебни одлуки ги презеле основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки (во ноември 2005 година).

Со децентрализацијата на детската заштита Градот Скопје и општините се здобија со определени права и обврски во однос на непречено функционирање на детската заштита на локално ниво, која инкорпорира различни видови на јавни услуги наменети за децата:згрижувачки услуги; воспитно-образовни услуги; здравствени услуги; културни услуги; услугите од доменот на спортот и рекреацијата и други видови на услуги.

Притоа, Скопје е надлежно за работите од локално значење што се функционално неделиви и подеднакво значајни за целото подрачје, додека општините во градот Скопје се надлежни за работите што се функционално деливи по својот карактер и се од значење за општините во градот Скопје.

Општините и Градот Скопје остваруваат меѓусебна соработка преку Координативно тело на градоначалници со кој раководи градоначалникот на град Скопје. Скопје во вршењето на работите од својата надлежност, донесува и обезбедува примена на единствена регулатива, се грижи за истото ниво на услуги и поддеднаква застапеност до граѓаните, односно децата, со примена на исти стандарди. Скопје за вршење на јавни работи од локално значење во рамките на својата надлежност, исто како и општините може да основа јавни служби во согласност со закон. Плановите и проектите ги донесува општината по претходно добиено мислење од градот Скопје и надлежниот државен орган.

Неопходно е соодветно вмрежување на сите облици на заштита на децата со различни видови на услуги, пред се со образовните услуги, но и со други видови на услуги засновани врз определени програмирани активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста и спортот преку којшто се развива личноста на детето, неговиот талент, менталните, креативните и другите способности, подготвување за самостоен и одговорен живот.

Покрај законските и подзаконските акти кај нас се во примена различни национални програми според дејностите, а не според субјектите.

Во Скопје функционираат бројни институционални форми низ кои се остварува детската заштита како дејност од јавен интерес. Вршењето на јавните услуги се остварува во рамките на јавните установи и приватните установи. Формално-правно не функционираат мешовити установи чиј статус се регулира со Законот за установите. Но, фактички постојат т.н. прејудицирани решенија , како што е на пример, функционирање на т.н. дневен престој за основците во рамките на некои општински градинки. Истото се случува во рамките на т.н. приватни занимални. Оваа состојба несомнено треба да се озакони, без да се комерцијализира, односно притоа да се употреби институтот партиципација според облиците различно, во зависност од имотната состојба на родителите (посебно изразено кај групата на деца од 0-10 годишна возраст).

## 2. Што треба да се направи со цел да се подобри остварување на детската заштита во Скопје?

Бидејќи децентрализацијата претставува процес којшто формално-правно е отпочнат со трансферот на надлежностите во областа на детската заштита кон крајот на 2005 година, се претпоставува дека субјектите сè уште не се свикнати дека општините и градот Скопје се надлежни за речиси сите работи од доменот на општествената заштита на децата кои имаат локално значење, што е потврдено со мини пилот – истражување. Имено, речиси сите интервјуирани лица (од вкупно 50, само едно се изјаснило за спротивното) сметат дека градот Скопје и општините од градот Скопје се недоволно посветени на децата.

Скопје како град може да има т.н. пренесен делокруг, односно да ги врши работите кои ќе му ги довери државата врз основа на законот или со посебна одлука, но за тој делокруг важат други правни правила.

Всушност, со децентрализацијата на детската заштита, па и на другите јавни дејности кои се во функција на општествената грижа за децата, се воспоставуваат нови релации меѓу владиниот, невладиниот и приватниот сектор во рамките на градот и општините.

Според мислењето на компетентните лица (експертите и менаџерите) релациите сè уште не се воспоставени, посебно не со приватниот сектор и владиниот сектор. Владиниот и невладиниот сектор имаат често заеднички проекти, но тоа се уште е недоволно. Релациите меѓу трите сектори треба да се базираат на следното:

- на континуирана соработка;
- на афирмација на волонтерска работа;
- на транспарентност;
- на заеднички проекти;
- на бенефиции за набавка на реквизити;
- на спонзорство и донаторство;
- на различни скратени програми.

**Вредноста на оваа мини пилот-истражување** може да се оценува преку последното прашање од интервјуто кое гласи: Дали Вие имате некои идеи за подобрување на состојбите во доменот на детската заштита во рамките на Градот Скопје и општините од градот Скопје?

Во рамките на поставеното прашање беа истакнати многубројни идеи кои ќе се презентираат како **Листа на идеи** (дадена во оригинал, како прилози, во зависност од тоа дали се работи за родителите – корисници, за експертите од дадената област или за давателите на јавните услуги).

## Прилог 1.

**Листа на идеи за подобрување на детската заштита истакната од страна на интервјуираните родители чии деца се корисници на детската заштита**

„1. Потребно е подобрување на комуналната хигиена во сите делови на градот. Скопје е една универзална депонија која претставува потенцијален извор на различни заразни болести. Градот

заедно со училиштата и еко – здруженијата да организира медиумски кампањи за почитување на комуналната хигиена.

2. Со културните манифестации во врска со празници да се опфаи поголем дел од детската популација.

3. Поголема безбедност воопшто, а посебно во сообраќајот.

4. Подобрување на простор за деца. Да има стази за точаци.

5. Поголема едукација на воспитниот и наставниот кадар и поголеми плати за нив (како основ за поголема мотивација за работа).

6. Да се вклучат родителите поактивно во работењето на градинките И во училиштата.

7. Неговатeлскиот/наставниот кадар да има поголемо искуство, да се пообразовани и покултурни.

8. Во секоја населба во Скопје да се изградат повеќе паркови и спортски објекти, бидејќи на периферијата состојбата е катастрофална.

9. Општината редовно да ги информира родителите за својата воспитно-образовна програма за децата.

10. Градинките да се поврзани со различни спортски, уметнички и јазички центри.

11. Општината да обезбедува поголема финансиска поддршка на постоечките општински градинки.

12. Да се изградат повеќе игралишта за деца и истите адекватно да се организираат. Постоечките игралишта да се обновaат.

13. Да остане целодневната настава во училиштата.

14. Секоја населба да има кино, клуб за децата и игротека.

15. Да има повеќе центри за дневно згрижување на ретардираните деца – сегашните два се недоволни. Со новите дневни центри да бидат опфатени сите деца.

16. Да има подобри сообраќајници и побезбедни за децата, со посебна сигнализација. Да има ескалатори кај сите јавни објекти.

17. Да се казнува употреба на петардите и други огнометни средства.

18. Беби-ситерките треба да имаат најмалку средно образование.

19. Ако мајката не е во работен однос, до тригодишна возраст на детето да прима т.н. домаќински додаток за чување и одгледување на деца.

20. Домаќинките на одредена возраст (со наполнети 64 години) исто како и земјоделците да имаат пензија.

21. Мајките кои работат да имаат бенифициран стаж за пензија.

22. Да се намали бројот на децата во групите. Наместо 20-30 деца во една група, подобро е да има две групи по 15 деца.

23. Работното време на градинките да се прилагоди кон работното време на родителите.

24. Детето не треба психолошки да се малтретира во градинката, доколку не сака да јаде и спие.

25. Да се намали злоупотребата на детскиот труд. Децата од улица-улични деца да бидат сместени до домови блиску до училиштата.

26. Да се воспостави детска материјална помош независно од материјалниот статус на родителите.

27. Во рамките на културните домови да има катчиња за деца.

28. Да се организираат екскурзии за родителите и децата од една до шестогодишна возраст од различна национална припадност, со цел тие да се зближуваат. Притоа, секое дете да добие по некој мал подарок за да се сеќава на екскурзијата.

29. Јас само барам повеќе услови од градот и општината за нормален раст и развој на нашите деца. Но како што е се во хаос, оваа проблематика е занемарена.

30. Да постои Агенција за повик за чување деца која може да обезбеди жени за чување деца.

31. Да има поголема професионализација и соодветен раководен кадар во установите за деца. Да постои посамостојно работење и делување. Да има подобро менаџирање, без партизација.

32. Локалната власт почесто да организира анкети со цел да се види што јавноста мисли и предлага во врска со функционирање на секторот на детската заштита на локално ниво.

33. Да се обезбеди нормално движење со детски колички. Да се забрани паркирање по тратоари, бидејќи нема пристап за колички.

34. Да се обноваат сите градинки во Скопје. Да нема приватизација на јавните градинки.

35. Да се среди Луна-паркот, бидејќи се е застарено, само цените се нови (високи се).

36. Да се изгради уште еден театар за деца и млади.

37. Да има повеќе претстави за деца на Централниот плоштад – Плоштадот Македонија.

38. Да има поефтини влезници за игротеки (пола цена). Во Луна-Паркот да има поефтини цени (50% од сегашните). За кино, за театер и за градски превоз цените за деца да се намалаат до 50%.

39. Во 0-та групите во ОУ се лоши  услови за работа (многу деца има; инвентарот е стар), родителите да не плаќаат ништо.

40. Да се обнови Хиподром како рекреативен центар, бидејќи тој е запуштен, но не е заборавен од жителите на блиските локални заедници на кои им е премногу скапо да тргнат со децата во Градскиот парк или на Матка."

## Прилог 2.

**Листа на идеи за подобрување на детската заштита истакната од страна на интервјуираните експерти во областа на детската заштита (само на 4 експерти).**

„1. Да се изврши промена на законската регулатива во целост, бидејќи важечката е препишана и не е адекватна за нашите услови (во однос на правата и облиците за заштита на децата).

2. Приватниот бизнис-сектор да издваја повеќе средства за донации.

3. Кадарот задолжен за состојбите од овој домен целосно да се ангажира во надминување на проблемите и вработување на соодветен кадар.

4. Потребно е да се изготви стратегија со современи облици по примерот на западниот свет и педагошките вредности за децата на таа возраст од страна на стручни и научни институции.

5. Да се има стратегија и да се соработува со владиниот и невладиниот сектор.

6. Да се бараат странски донации (во опрема, во стручна помош – не во пари).

7. Да има различни проекти.

8. Да се изготви Национална програма за деца и млади за наредните 10 години.

9. Да се усвои Законик за децата.

10. Приватните градинки да бидат со статус на концесионирани установи (слично како и матичен лекар).

11. Дневниот престој од I-IV одделение на ОУ да се пренасочи во други објекти (да постои во рамките на градинки) и да не биде самофинансиран од страна на родителите, туку да се заснова врз правото на партиципација.

12. Да има цензусни групи по основ на управни договори за партиципација за градинките и детските одмаралишта.

13. Да се реновираат детските одмаралишта и да се опремат со нов инвентар. Вработените да имаат поголеми плати.

14. Да има повеќе детски игралишта и зелени површини во секоја населба.

15. Секое дете да има право на детски додаток и право на партципација.

16. ДДВ да се намали за производите за деца до 15-годишна возраст.

17. Да се формира на ниво на Градот голем Дом за деца и млади (со различни форми на забава и слично).

18. Да се подобри комуналната хигиена во сите делови на градот. Таа е на катастрофално ниво. Да има апел до возрасните и децата за почитување на комуналната хигиена. Во ОУ и средните училишта да се изучува одделно Хигиена (може и во рамките на наставниот предмет Екологија).

19. Неопходно е и за приватните градинки општеството (општините и градот) да покажува интерес: да има бесплатно средување на двор и бесплатни играчки за деца (реквизити), бидејќи приватниот бизнис не е заинтересиран за тоа."

## Прилог 3.

**Листа на идеи за подобрување на детската заштита истакната од страна на интервјуираните менаџери на јавниот и приватниот сектор – даватели на услугите**

„1. Треба да се отвори Детски центар каде што ќе се среќаваат децата кои имаат исти интереси и ќе можат креативно да се дружат. На пример, во една зграда каде што има повеќе простории, да се лоцираат различни секции; да има секции по сликарство; да се слуша музика, да има аматерски претстави за деца. Тоа да бидат места каде децата ќе се дружат и ќе се гледаат.

2. Треба да се возобноваат лигите во сите спортови во основни и средни училишта.

3. Да се инвестира во спорт, рекреација и во воспитно-образовни содржини.

4. Децата да се едуцираат по ЕУ стандарди, Интернет; повеќе пракса од теорија; со видео снимки.

5. Градот да ни биде чист и уреден, да нема толку градење на згради; да има повеќе тревни површини; да има повеќе дрвца; повеќе цвеќиња – тоа влијае на расположение.

6. Секоја населба да има младински пријателски центар.

7. Да има што повеќе центри како МКЦ, повеќе игралишта, подостапни државни училишта за странски јазици. Се да им биде достапно на децата, и на оние од приградските и селските населби, бидејќи тие никогаш не го виделе МКЦ.

8. Приватниот сектор да се ослободи од давачки, посебно за опрема, со цел да се подобрат релации со тој сектор.

9. Без пари ништо не се прави. Не смееме да примаме донации, бидејќи парите се во индустрија за алкохол, цигари, и не смее тоа со деца да се меша.

10. Повеќе манифестации и соработка со НВО и другите.

11. Да се испита искуството од странските држави во врска со згрижување на децата во рамките на деловни, трговски, угостителски, рекреативни, и административни центри и тоа посебно да се санкционира кај нас.

12. Да има повеќе игралишта на подостапни места (блиски до местото на живеење).

13. Работното време на градинките да се приспособи на работното време на родителите (од 8-22 часот), по можност и во сабота и во недела градинките да бидат отворени (дежурни).

14. Театарот за младинци и деца да дава повеќе претстави и да се овозможи давање на претстави по нарачка.

15. Театарот за младинци и деца да има статус на јавна установа, со тоа да се однесува помобилно.

16. Да има младински пријателски центри.

17. Во рамките на МКЦ постои Детски креативен центар Чекор по чекор каде што можат да се организираат различни семинари, на пример, за родители: 'Како да станеш добар родител' и слично."

**Заклучок**

Врз основа на анализираните индикатори може да се заклучи следното:

1. Областа на детската заштита е тесно поврзана со редица јавни дејности како што се: образованието, здравството, социјалната заштита, културата, спортот, екологијата и редум, во зависност од потребите и интересите на детето како субјект на домашното и меѓународното право. Не е спорно дека остварувањето на детската заштита кај нас не е на ниво на ЕУ, дури е И под нивото на условите предвидени со застареното законодавство.

2. На детската заштита како дејност од јавен интерес и како јавна служба, посебно на локално ниво и недостасуваат бројни работи, а посебно иновирана законска основа која ќе биде во согласност со потребите на децата во Македонија, како и со културата на живеење во локалните заедници.

3. Квалитетот на живеење на детската популација кај нас, од ден за ден е во се поголема ерозија, па затоа општествената заедница, пред се локалните заедници, треба да го фаворизираат што е можно повеќе здружување на владиниот, невладиниот и бизнис сектор, посебно на планот на заеднички акции за подобрување на облиците на детската заштита (преку бенефиции, донаторство, спонзорство и волонтерска работа).

4. Како јавна дејност детската заштита не е сервисно ориентирана кон децата – корисници на услуги. Таа се помалку се заснова на принципите на социјалната држава: солидарност, рамноправност, еднаквост и немеркантилизам (нетрговски карактер).

5. Од презентираните листи на идеи се гледа дека за детската заштита се заинтересирани сите респоденти, а најмногу родителите и менаџерите-давателите на услуги. Бидејќи се работи за едно мини пилот-истражување, со ограничен опфат, неопходно е да се иницира поголемо истражување со проширување на примерокот со: градоначалниците, членовите на советите, претставниците на општинската и државната администрација, односно со оние субјекти кои директно учествуваат во креирањето на политиките од областа на детската заштита.

(Рецензент: *йроф. д-р Јван Пејковски*)

## ЛИТЕРАТУРА


**а) Научни трудови**

Garbarino, James : Children and Families in the Social Environment (1982). – New York. – p.296.

Трајковски, Димитрија, Мирјана Сланинка-Динева: Детска заштита во Република Македонија (2003). – Скопје, Светлост-графика,стр.113.

Сланинка-Динева, Мирјана: Заштита на децата во Република Македонија според лекс специалис и лекс генералис (2005). – Годишник на ИСППИ,Скопје, стр. 135-144 (стр. 288).

**б) Прописи**

Устав на Република Македонија, Сл. Весник на РМ, Сл. Весник на РМ, 52/ 1991 И 91/2001

Закон за заштита на децата, Сл, весник на РМ, 98/2000 , 17/2003 И 65/2004.

Закон за семејството (Пречистен текст), Сл. Весник на РМ, 83/2004

Закон за локалната самоуправа, Сл. Весник на РМ, 5/02 и Закон за Градот Скопје, Сл. Весник на РМ / 2005.

Закон за установите, Сл. Весник на РМ, 32/2005

Dimitrija TRAJKOVSKI
Mirjana SLANINKA-DINEVA

# CHILD PROTECTION IN THE SITY OF SKOPJE

## Abstract

The child protection according to the legislation in the Republic of Macedonia is being under sanctions as a public interest area which is fulfilled within the frames of the system of the public services and on a local level (within the frames of the administrative-territorial units: the communities, the city of Skopje and the communities of the city of Skopje). With the decentralization of the area of the child protection in 2005 through the transfer of the responsibilities, also are being transferred the numeral problems which are tied to the fulfillment of the shapes of the child protection, especially in the part which is still being realized within the frames of the public organizations.

The statute deals with the following problems:

1) The child protection – county of the city of Skopje, and

2) What needs to be done with a purpose to improve the realization of the child protection in Skopje?

Its being concluded that towards the problem of realization of the child protection in Skopje should exist an appropriate approach which would be interdisciplinary, but also comparative.